Комерцијална банка

ул. Васил Иљоски бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

02-100-543/1
20.02.2026

Кодекс за финансирање на жени претприемачи

Писмо за приклучување кон Кодексот

Комерцијална Банка АД Скопје со гордост го поддржува Кодексот за финансирање на жени претприемачи (во понатамошниот текст: „ Кодексот "), глобална иницијатива која има за цел да го намали финансискиот јаз и да ги отстрани бариерите за микро, мали и средни претпријатија (ММСП) во сопственост на жени и водени од жени. Како потписник, Комерцијална Банка АД Скопје ќе се залага да соработува со националните партнери, да обезбеди лидерство, да ги зајакне системите за податоци и да преземе конкретни активности за економско зајакнување на жените и унапредување на родовата еднаквост во финансискиот сектор.

Како потписник на Кодексот, Комерцијална Банка АД Скопје ќе се залага да ги спроведе следниве активности во рамките на трите столба на Кодексот

Заложби за лидерство:

- Ја именуваме Катерина Георгиевска Марковска, Директор на дирекција во Комерцијална Банка, како лидер за Кодексот, која ќе ги предводи и претставува активностите на нашата институција во рамки на Кодексот.
- Комерцијална банка ќе алоцира интерни ресурси за спроведување на Кодексот.
- Комерцијална Банка ќе воведе посебен дел во својот годишен извештај посветен на родовата еднаквост и сегментот на ММСП во сопственост или водени од жени.
- Комерцијална Банка ќе поддржува спроведување на програми, субвенции, гаранциски фондови и грантови за жени претприемачи и ММСП, обезбедени во рамки на државни програми, фондови и развојни банки.

Заложби за податоци:

- Комерцијална Банка ќе ја усвои и применува дефиницијата за ММСП во сопственост или водени од жени договорена од националната коалиција на Кодексот.
- Комерцијална Банка ќе ја користи таблата на податоци на Кодексот за донесување одлуки и за развој на нови финансиски и нефинансиски производи за ММСП во сопственост или водени од жени.
- Комерцијална Банка ќе ги унапреди интерните системи и процеси со цел собирање, следење и известување на полово поделени податоци (и за постојни и за нови клиенти), користејќи ја национално договорената дефиниција за ММСП во сопственост или водени од жени.
- Комерцијална Банка ќе собира, следи и известува родово дезагрегирани податоци во согласност со индикаторите на Кодексот.

- Комерцијална Банка ќе собира и известува полово поделени податоци за бројот и вредноста на депозитите на клиенти ММСП.

Заложби за активности:

- Комерцијална Банка ќе организира обуки за родово одговорни практики при кредитирање за вработените во мрежата и филијалите, како и за кредитните службеници.
- Комерцијална Банка ќе организира промотивни активности со цел да ги направи постојните банкарски услуги подостапни за жените претприемачи, како што се отворање сметки, е-банкарство, електронски апликации за кредити, банкарски картички и промоција на постојните пакет-производи, како и ќе настојува кон развој на нов „пакет за жени претприемачи“
- Комерцијална Банка ќе организира промотивни активности за ММСП во сопственост или водени од жени во однос на постојните кредитни производи, како и ќе настојува да развива нови финансиски производи за овој сегмент.
- Комерцијална Банка ќе учествува во програми поддржани од Владата и развојни агенции наменети за жени претприемачи.
- Комерцијална Банка ќе настојува да го зголеми бројот на клиенти и обемот на одобрени кредити за ММСП во сопственост или водени од жени.

Во прилог на ова писмо се доставува листа на сите обврски со рокови за спроведување и индикатори за следење на напредокот.

Со нетрпение очекуваме да соработуваме со нашите партнери во Националната коалиција на Кодексот за финансирање на жени претприемачи, со цел да постигнеме видливо и одржливо влијание за жените претприемачки во Северна Македонија.

Со почит,

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

Билјана Максимовска Поповиќ
Главен Директор за Корпоративно банкарство

_____

Д-р Маја Стевкова Штериева
Главен Финансов Директор

_____

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ 03

Скопје, 20.02.2026 година